Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-125/3 од 17.9.2026 година донесена на 296. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 16.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област граѓанско материјално право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Марија Амповска, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател,
- д-р Игор Камбовски, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член и
- д-р Милица Шутова, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Ана Панева.**

Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека приложената документација од кандидатката навремено е доставена со сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката д-р Ана Панева е родена на 5.8.1992 година во Штип. Во 2016 година дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како студент на генерацијата со највисока просечна оценка 9.55 и се здобила со стручно звање: дипломиран правник-правосудна насока. По завршувањето на вториот циклус студии (насока-Правосудна насока) со просечна оценка 10, кандидатката м-р Ана Панева во ноември 2019 година го одбранила магистерскиот труд на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се стекнала со звање магистер на правни науки правосудна насока.

Во 2021 година кандидатката се запишала на трет циклус – докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Граѓанско право. Во 2026 година успешно ја одбранила докторската дисертација на тема „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: Улогата на правните лица во заштитата на старите лица“ и се стекнала со научен назив доктор на правни науки од областа на граѓанското право.

Во поглед на работното искуство, кандидатката во периодот од 1.10.2016 до 1.10.2017 година работи како практикант-волонтер во Основниот суд во

Штип. Од 1.6.2018 година до денес е ангажирана како проектен координатор на неколку проекти во Здружението на правници „Легал Тинк“ во Штип. Од 1.9.2018 до 1.10.2020 година работи како практикант во Основното јавно обвинителство во Штип. На 22.1.2018 година кандидатката м-р Ана Панева го положила правосудниот испит.

Кандидатката својата наставно-научна кариера ја започнува во 2021 година, на работно место соработник/асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во научната област граѓанско право и целосно е вклучена во одржување на вежби на прв циклус на студиска програма Правни студии (предмети: Граѓанско право – општ дел, Наследно право, Меѓународно приватно право, Граѓанско процесно право, Историја на правото, Римско право, Граѓанско право – применета програма). Согласно со Одлука број 1102-63/17 од 22.3.2024 година кандидатката е реизбрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право.

Од приложената документација се гледа дека кандидатката континуирано е посветена на научното и стручното усовршување, преку нејзино активно учество на меѓународни и домашни конференции и семинари, кои ќе бидат прикажани во натамошниот текст на рефератот. Ова ја докажува нејзината посветеност кон континуирано усовршување и споделување на знаењето во оваа област.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, покрај изработената и одбранета докторска дисертација, кандидатката д-р Ана Панева има објавено научни трудови во референтни научни публикации, кои се прикажани во делот од рефератот посветен на научно-истражувачката активност на кандидатката.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Општи услови за избор:

1. **Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно:**

- Кандидатката има остварено просечен успех од 9.55 на студии од прв циклус и просечен успех од 10,00 од втор циклус студии.

2. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се врши изборот:**

- Кандидатката е доктор на правни науки од областа на граѓанското право со одбранета докторска дисертација по наслов „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: Улогата на правните лица во заштитата на старите лица“ под менторство на проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска на Правен факултет „Јустинијан први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

3. **Претходен избор во звања:**

Со Одлука бр.1102-63/17 од 22.3.2024 година на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 19.3.2024 година, е избрана за асистент за научната област граѓанско право за период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 339 од 1.3.2024 година;

4. **Објавено најмалку 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, последните пет години пред објавувањето на Конкурсот за избор (од септември 2021 г. до септември 2026 г.):**

Бр.	Автор/и	Наслов на труд и година на објава	Научна публикација (списание)	линк
1.	Ана Панева	Правните лица во договорот за доживотна издршка – компаративна анализа, 2025	Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.129-144 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/38314/
2.	Ana Paneva	The Advantages, Risks, and Rules of Installing Video Surveillance in Workplaces, 2024	Law Review, Central European Academy, Budapest, p.281-296 (Уреднички одбор од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/36134/
3.	Ана Панева	Обезбедување на правата на старите лица: Истражување на договорите за доживотна издршка во земјите членки на ЕУ, 2024	Зборник на трудови од 11. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.109-120 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/38417/
4.	Strasko Stojanovski, Ana Paneva, Kristijan Panev	Youth, migration, and Higher education, 2023	Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, str.271-293 (Индексирано во Scopus, Q2 rank, фактор на влијание за 2023, SJR 0,25)	https://eprints.ugd.edu.mk/33161/
5.	Ана Панева	Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, 2023	Зборник на трудови од 10. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.95-106 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32744/
6.	Ана Панева	Правна заштита на компјутерски програми, 2022	Зборник на трудови од 9. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.51-63 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32466/

7.	Ана Панева	De facto states, 2022	Зборник на трудови од 9. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.33-50 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32469/
8.	Ана Панева, Кристијан Панев	Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем, октомври 2021	Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.59-65 (Меѓународен програмски комитет од повеќе од три држави)	https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

5. **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:**

Кандидатката има поднесено потврда (сертификат - БУЛАТС) за познавање англиски јазик.

6. **Да има способност за изведување на високообразовна дејност:**

Кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатката од 2021 година активно учествува во изведувањето на наставата на прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку одржување вежби по повеќе предмети од областа на правните науки. Кандидатката има континуирана научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.

Посебни услови:

7. **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на истражувачките резултати:**

Истражувачките сознанија и резултати од научноистражувачката работа на кандидатката наоѓаат примена во нејзината наставно-образовна и стручно-апликативна дејност, особено преку нивно вклучување во практичната работа со студентите и во реализацијата на научноистражувачки и проектни активности.

Кандидатката е член на Правната клиника при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во чии рамки активно учествува во практичната едукација на студентите преку работа на конкретни правни случаи, давање насоки за нивна правна анализа и подготовка на правни мислења. Преку оваа активност, кандидатката придонесува за поврзување на теоретските и научните сознанија со нивната практична примена и за развивање на практичните правни вештини на студентите.

Во наведениот период, кандидатката учествувала во следниве научноистражувачки и проекти активности:

- Во периодот 2021–2023 г. учествува како член на истражувачкиот тим во проектот „Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Во периодот 2022–2023 г. учествува како млад истражувач во проектот „Млади, миграции и образование“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- Во 2023 г. учествува како млад истражувач во проектот „Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историското наследство во Општина Карбинци“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- Во 2023 г. учествува во проектот „Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II“, во рамките на Balkan Investigative Reporting Network (BIRN), Budapest.

8. **Две препораки од професори од научната област на која се избира кандидатот.**

Кандидатката има доставено две препораки од професори кои имаат увид во наставно-научното работење на кандидатката, како и нејзиниот професионален развој во академската средина.

9. **Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.**

Кандидатката д-р Ана Панева во изборниот период има остварено вкупно 162,5 поени од целокупната актива и тоа: 30 поени од наставно-образовна дејност; 116,5 поени од научноистражувачка дејност и 16 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

Според член 7 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, единствени критериуми и елементи за вреднување или доделување на поени (квантификација) за активностите на пријавените кандидати кои се избираат во звања се следниве: стекнато образование, резултати од научно-истражувачка работа, резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок, стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност. За таа цел Комисијата, врз основа на приложената документација од кандидатката, како и од увидот во нејзиното работење преку е-репозиториум, ги утврди и вреднуваше следниве активности на кандидатката:

1. **Наставно - образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност д-р Ана Панева ја започнува во 2021 година, кога е редовно вработена како асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со Одлука бр.1102-84/6 од 28.5.2021 година е избрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право. Во 2024 година, со Одлука бр.1102-63/17 од 22.3.2024 година, кандидатката е реизбрана во соработничко звање асистент за научната област граѓанско право.

Во рамки на својата наставно-образовна дејност, кандидатката е вклучена во изведување на вежби на повеќе предмети во прв циклус на студии на Правниот факултет, каде што се истакна со своите стручни, професионални и академски квалификации.

На првиот циклус студии е вклучена на следниве предмети:

На насока Правни студии во прв семестар, предмет Граѓанско право – општ дел (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во прв семестар, предмет Историја на право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во втор семестар, предмет Римско право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во четврти семестар, предмет Наследно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во петти и седми семестар, предмет Меѓународно приватно право (3+2+2), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во шести семестар, предмет Граѓанско-процесно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии – модул Граѓанско право во седми семестар, предмет Граѓанско право – применета програма (3+2+1), Штип и Струмица.

2. **Научноистражувачка дејност**

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Ана Панева приложи и листа на публикации и достави и копии од истите, со што го потврдува и својот потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на правните науки. Во продолжение е прикажана кратка научна евалуација на научните трудови на кандидатката:

2.1. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации

1. Панева А. (2025). *Правните лица во договорите за доживотна издршка – компаративна анализа*. Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија. p.129-144. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38314

Во овој труд кандидатката ја истражува можноста правните лица да се јават како даватели на издршка кај договорот за доживотна издршка, преку компаративна анализа на правните решенија во повеќе европски правни системи. Посебно се анализираат законодавствата на Србија, Хрватска, Швајцарија, Унгарија и Франција, како и релевантната судска практика и поновите законски реформи во оваа област.

Кандидатката укажува на отсуството на јасна и усогласена правна регулатива во однос на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка, што може да доведе до правна несигурност и можни злоупотреби. Во трудот се истакнува потребата од воспоставување попрецизна правна рамка со која ќе се определат правните лица кои можат да се јават како даватели на издршка, условите за нивно учество и соодветните механизми за заштита на старите лица како приматели на издршката.

2. Paneva, Ana. (2024). *The Advantages, Risks, and Rules of Installing Video Surveillance in Workplaces*. Central European Academy, Law Review, 2 (1), Budapest. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36134

Во овој труд кандидатката го анализира прашањето на видеонадзорот на работното место и неговиот однос со правото на приватност, заштитата

на личните податоци и достоинството на вработените. Посебно внимание е посветено на ризиците што произлегуваат од примената на современите технологии и можноста за нарушување на приватноста преку собирање и обработка на лични податоци со системите за видеонадзор.

Во трудот се анализира правната рамка во македонското законодавство со која се уредува употребата на видеонадзорот, како и потребата од воспоставување соодветни гаранции за спречување на неговата злоупотреба. Кандидатката посебно ги разгледува постапката и условите под кои може да се воспостави постојан видеонадзор на работното место заради следење на работните активности на вработените.

3. Панева А. (2024). *Обезбедување на правата на старите лица: Истражување на договорите за доживотна издршка во земјите членки на ЕУ*. Proceeding of the 11th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip. p.109-120. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38417

Во овој труд кандидатката го анализира договорот за доживотна издршка од аспект на неговата улога како правен инструмент за остварување и заштита на правата на старите лица, во контекст на член 25 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија. Посебно внимание е посветено на субјектите кои можат да се јават како страни на договорот, нивните права и обврски, како и на потребата од обезбедување соодветна правна заштита на старите лица кои склучуваат ваков вид договори.

Кандидатката ја разгледува правната рамка и судската практика, а преку примена на компаративниот метод го анализира уредувањето на договорот за доживотна издршка во правните системи на земјите членки на Европската Унија. Преку утврдување на сличностите и разликите во правното уредување, во трудот се посочуваат можностите за унапредување на правната регулатива и зајакнување на заштитата на правата на старите лица.

4. Stojanovski S., Paneva Ana., Panev K. (2023). *Youth, migration, Higher education*. Balkan Social Science Review 22. p.271-293, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33161

Во овој труд се анализираат миграциските процеси во балканските земји, со посебен фокус на Република Северна Македонија, како и нивната поврзаност со демографските состојби и образовните перспективи на младите. Авторите ги разгледуваат факторите кои влијаат врз миграцијата, меѓу кои политичката и економската нестабилност, корупцијата, проблемите во функционирањето на владеењето на правото, како и можностите за продолжување на образованието на универзитетско ниво. Истражувањето се заснова на резултати од две емпириски истражувања кои ја отсликуваат состојбата во источниот и централниот регион на Република Северна Македонија. Посебно внимание е посветено на временска анализа, преку споредување на податоците од 2014, 2018, 2022 и 2023 година, дополнети со официјални статистички податоци. Трудот укажува на поврзаноста помеѓу образовната мотивација и миграциските тенденции и го нагласува значењето на младите и нивниот образовен потенцијал за идниот демографски и општествен развој на земјата.

5. Панева А. *(2023). Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности.* Зборник на трудови-секција млади истражувачи

од 10. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр.95-106, https://eprints.ugd.edu.mk/32744/

Авторот во овој труд ја истражува можноста за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, ги анализира правните основи и законски одредби и ги идентификува параметрите што треба да се земат предвид при утврдување на релевантните промени. Во овој труд се дава анализа на факторите кои се правно релевантни за раскинување на договорот за доживотна издршка, фокусирајќи се на клучните промени како финансиски, промени во здравствената состојба, лични промени, промени поврзани со животните околности.

6. Здравева А. (2022). *Правна заштита на компјутерски програми*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр.51-63, https://eprints.ugd.edu.mk/32466/

Авторот во овој труд ја анализира законската регулатива за правна заштита на компјутерски програми, фокусирајќи се на предметот на заштита и елементите кај компјутерските програми кои се штитат со авторските права. Притоа, трудот ги истражува примената на законската регулатива низ праксата на Европскиот суд за човекови права, особено во случајот на SAS Institute Inc. vs. World Programming Ltd (WPL).

7. Донева Н, Здравева А, Трајковска Е. (2022). *De facto states*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет», Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, стр. 33-50, https://eprints.ugd.edu.mk/32469/

Авторите во овој труд се фокусираат на истражување на државите познати како „непризнати држави”, „делумно признати држави” или држави со спорна егзистенција. Се разгледуваат фактите, дебатите и анализите за апликативноста на меѓународните правила и сегментирање на државите според нивниот статус. Во трудот се истражува зошто овие држави уште немаат меѓународно признавање и каков е нивниот статус. Дополнително се елаборирани и неколку примери за државите кои се „обидуваат да се стекнат со меѓународна признатост”, а се уште се борат со мноштвото факти и докази за нивно отфрлање.

8. Здравева А, Панев К. (2021). *Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем.* Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија. стр. 59-65 https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

Во овој труд кандидатката ги анализира правните аспекти на инфлуенсер-маркетингот, со посебен акцент на договорите за соработка и маркетинг што се склучуваат помеѓу инфлуенсерите и деловните субјекти. Се разгледуваат правната природа и содржината на овие договорни односи, како и правата и обврските што произлегуваат од нив во услови на сè поголема примена на социјалните мрежи како средство за рекламирање и промоција на производи и услуги.

Во трудот се разгледува и правниот статус на инфлуенсерите и нивната комерцијална активност, како и потребата од соодветно правно регулирање на нивното дејствување во дигиталниот простор. Анализата ги опфаќа и прашањата поврзани со односот помеѓу инфлуенсер-маркетингот и правата и слободите на потрошувачите, со што се укажува на повеќеслојните правни аспекти на овој современ облик на маркетинг.

2.2. **Објавена монографија**

9. Stojanovski, Strasko and Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2024) *Млади, миграции и образование.* Фондација за развој на локалната заедница-Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/35714/

2.3. **Магистерски и докторски тези**

10. Докторска дисертација

Во април 2026 година, кандидатката д-р Ана Панева успешно ја одбранила докторската дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се стекнала со научен степен доктор на правни науки од областа на граѓанското право. Во докторската дисертација кандидатката д-р Ана Панева го истражува договорот за доживотна издршка, со посебен акцент на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка и правните импликации што произлегуваат од нивното учество во овој договорен однос. Истражувањето е насочено кон утврдување на степенот на усогласеност на македонската нормативна рамка со современите правни тенденции и европските стандарди, како и кон идентификување на постојните правни празнини и недоследности во регулирањето на овој институт.

Во трудот кандидатката најнапред ги разработува теоретските и нормативните аспекти на договорот за доживотна издршка, неговата правна природа, карактеристики, содржина, правната положба на договорните страни, како и основите за престанок, неважност и раскинување на договорот. Посебно внимание е посветено на домашната судска практика и практичните проблеми кои се јавуваат при примената на овој правен институт.

Суштинскиот дел од истражувањето е посветен на правните лица како даватели на издршка. Преку правно-догматска и компаративна анализа кандидатката ја разгледува можноста и правната оправданост за нивно учество во договорите за доживотна издршка, со посебен осврт на центрите за социјални работи како потенцијални даватели на издршка. Компаративната анализа опфаќа повеќе правни системи од регионот и Европа, со цел идентификување решенија кои можат да придонесат за поголема правна сигурност и подобра заштита на примателите на издршка.

Посебна вредност на истражувањето претставува неговиот емпириски дел, во кој кандидатката ја истражува практичната примена на договорите за доживотна издршка во кои Центрите за социјални работи се јавуваат како даватели на издршка. За таа цел се користени примарни податоци добиени преку барања за слободен пристап до информации и полуструктурирани интервјуа со претставници на центрите за социјални работи и надлежното Министерство.

Истражувањето ги опфаќа и современите европски модели на грижа и домување на постарите лица, со посебно внимание на специјализираното домување со услуги и меѓугенерациското домување. Кандидатката ги разгледува можностите за адаптација на овие модели во Република Северна Македонија и предлага сопствен модел на заедничка грижа, инспириран од принципите на задруга или ортаклак, како можен правно, економски и социјално одржлив систем на меѓусебна поддршка на постарите лица.

Врз основа на спроведеното истражување, кандидатката предлага насоки и препораки за унапредување на националната правна рамка и институционалните механизми во областа на договорната и институционалната грижа за постарите лица, со цел обезбедување поголема правна сигурност, заштита на нивните права и достоинствено стареење.

11. Магистерски труд

Во творечкиот опус на кандидатката влегува и магистерскиот труд. Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во ноември 2019 година. Во трудот таа дава краток осврт на корупцијата во општеството и корупцијата во високото образование, како и елаборација на нејзината феноменологија и етиологија во високото образование. Во трудот се анализираат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа тематика. Во магистерскиот труд е елаборирана содржината на антикорупциските одредби во сферата на високото образование и е направена анализа на потенцијалот на домашното законодавство за борба против корупцијата. Покрај теоретскиот пристап, кандидатката во трудот прави и анализа на резултати добиени од анкета која е спроведена на студентите при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, со цел да се измери нивото на корупцијата во високото образование. Истражувањето е составено од индикатори базирани на искуство, ставови и перцепција за корупцијата.

2.4. **Учество на научни конференции, учество на семинари, учество во работилници**

12. Sutova, Milica and Paneva, Ana (2022) *Litigation proceedings for resolving family disputes during the state of emergency.* In: Systemic Agency in Extraordinary Situations: Experiences and Challenges, 20 April 2022, Faculty of Law, University of Niš, Serbia.;

13. Sutova, Milica and Paneva, Ana (2023) *Улогата на парничната постапка во ефетуирањето на концептот одржлив развој.* In: Одржливиот развој во правото и во политиките: патоказ за достигнување на целите на одржлив развој на Обединетите нации, 06 June 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University Stip;

14. Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Пристап до правда во македонскиот правен систем.* In: 10th International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 28-29 Sept 2023, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

15. Galeva, Jordanka and Paneva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey.* In: Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey, 16-17 Nov 2023, Budapest, Hungary.

16. Paneva, Ana and Trajkovska, Elena (2024) *Aging with security: lifetime support contracts and elderly protection in the macedonian system compared to the European Legal Framework*. In: 6th Annual International Scientific Conference "Legal Tradition and New Legal Challenges", 17-19 Oct 2024, University of Novi Sad, Faculty of Law.

17. Paneva, Ana (2024) *Ensuring Elderly Rights: Exploring Lifetime Support Contracts in EU Law.* In: Predoctoral Conference ECLIC "EU at the Crossroads - Ways to Preserve Democracy and Rule of Law", 13-14 June 2024, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Faculty of Law Osijek, Croatia;

18. Paneva, Ana (2024) *Intellectual property in the era of artificial intelligence: analysis, challenges and solutions.* In: International Scientific Conference: Legal principles in modern law, 18-19 April 2024, Faculty of Law, University of Niš;

19. Paneva, Ana (2025) *The justification of Legal Entities as subjects in the Lifetime support contract*. 12th International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 25-26 Sept 2025, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

20. Paneva, Ana and Buraliev, Ivan (2025) *The Impact of Family Structure on Child Delinquency: A Quantative Analysis of Famaly Completeness as a Risk Factor (2019-2023) in North Macedonia*. In: International Scientific Conference: Law and Social Conflict, 25-26 April, Faculty of Law, University of Niš;

2.6. **Учество во научни проекти**

21. Учесник во научноистражувачки проект (2021-2023): „*Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките*", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, партнер Универзитет во Мишколц (Унгарија), член на истражувачки тим и предавач:

21.1. Paneva, Ana (2022) *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење.* In: Концептот на одржлив развој во правото и во политиките: застапеност, предизвици и перспективи, 02 June 2022, Law Faculty, University of Goce Delcev, Stip;

21.2.Paneva, Ana (2022) *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење.* In: Циклус предавања по одржлив развој во рамки на проектот „Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките", 25 Nov 2022, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip;

22. Учесник во научноистражувачки проект (2022-2023): „*Млади, миграции и образование*", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, како млад истражувач.

23. Учесник во научноистражувачки проект (2023): „*Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во Општина Карбинци", како млад истражувач.*

2.6. Студиски престој во странство

24. Студиски престој на Правен факултет, Универзитет во Ниш, Србија, во периодот од 1.10.2023-10.10.2023 година.

3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Членовите на Комисијата имаат можност да ја следат оваа дејност на кандидатката преку работата на Наставно-научните совети, како и

платформите на Универзитетот. Оттука, Комисијата утврди дека кандидатката учествува во остварување на повеќе активности врзани со организирање на конференции, настани, работилници, семинари и слично во рамки на Правен факултет при УГД – Штип, од кои ги издвојуваме:

3.1. Уредник на научно списание

25. Уредник на студентско списание Students Social Science Journal кое го издава Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, уредник на изданија бр.15 (2023), бр.16 (2023), бр.17 (2024), бр.18 (2024), бр.19 (2025), бр.20 (2025), бр.26 (2026), при што на изданија бр.18 (2024), бр.19 (2025), бр.20 (2025) била ангажирана и како технички уредник;
https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj

3.2. Уредник на Зборник на трудови

26. Уредник на Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2022, 2023, 2024 и 2025 година, при што во 2023, 2024, 2025 била ангажирана и како технички уредник;
https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/issue/archive

3.3. Член на организациски или научен одбор на научен собир

27. Член на организацискиот одбор на IX, X, XI, XII, XIII Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

28. Член на организацискиот одбор на X, XI, XII, XIII Ораторска вечер на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

3.4. Стручни публикации

29. Paneva, Ana and Panev, Kristijan and Sharkovski, Boris and Longurova, Nevenka and Hadzi-Vasileva, Kristina (2025) *Анализа на состојбата со текстилниот отпад*. АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности.
https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=39230

3.5. Учество во стручно-апликативни проекти

30. (BIRN) Balkan investigative reporting network (2023): *“Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II”, Budapest.*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование и од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата констатира дека кандидатката д-р Ана Панева ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот. По детално прегледување на приложените документи на кандидатката д-р Ана Панева, Комисијата заклучи дека кандидатката има завршено додипломски правни студии со просечна оценка 9,55 и постдипломски правни студии со просечна оценка 10,00 со што се стекнува со 300 ЕКТС односно со титулата магистер на правни науки - Правосудна насока. Со успешно одбранета докторска дисертација кандидатката се стекнала со научен степен доктор на правни науки од областа на граѓанското право. Врз основа на тоа, Комисијата констатира дека кандидатката го исполнува критериумот за стекнат научен степен доктор на науки од соодветната научна област, како и критериумот за остварен просечен успех на додипломски и постдипломски студии над утврдениот праг во Конкурсот. Кандидатката исто така има доставено сертификат за познавање на англискиот јазик, како еден од светските јазици.

Покрај наставната дејност, кандидатката м-р Ана Панева покажува и значителна активност во поглед на вршење наставно-образовна дејност во област граѓанското право, како и научноистражувачка дејност што произлегува од објавените научни трудови, учество на проекти и научни конференции, и значителна активност во вршење на стручно-апликативна дејност, што се утврди преку членството во организациски активности и уредувањето на научни публикации, прикажани и евалуирани во овој реферат.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Ана Панева во целост ги исполнува законските услови и ги задоволува наставно-образовните, научните и стручно-апликативните критериуми определени, со интерните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во наставно-научно звање доцент во научна област граѓанско материјално право. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го усвои овој извештај од Комисијата и да ја избере асистент д-р Ана Панева во наставно-научно звање доцент за научната област граѓанско материјално право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марија Амповска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Игор Камбовски, редовен професор, член, с.р.

Д-р Милица Шутова, вонреден професор, член, с.р.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјава		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
	Избор во звање асистент	2	15			**30**
	ВКУПНО					**30**
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, **втор автор**, останати автори) **Ред.бр.4 (1*10=10)**	15/10/5				**10**
	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (**прв автор**, втор автор, останати автори) **Ред.бр.1 (1*9=9)** **Ред.бр.2 (1*9=9)** **Ред.бр. 8 (1*9=9)**	9/6/3				**3x9= 27**
	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **Ред. бр.3(1*3=3)** **Ред. бр.5(1*3=3)** **Ред. бр.6 (1*3=3)** **Ред. бр. 7(1*3=3)**			4	3	**12**
	Монографија: **Ред.бр.9**	1	10			**10**
	Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство Во земјава: **Ред. бр. 13,14,19,** Во странство: **Ред.бр. 12, 15, 16, 17, 18, 20**	3	1.5	6	2	**16.5**
	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) **Во земјава: Ред.бр.22, 23** **Во странство: Ред.бр.21**	2	2	1	3	**7**
	Одбранета докторска теза: **Ред.бр.10**	1	8			**8**
	Одбранет магистерски труд: **Ред.бр.11**	1	4			**4**
	Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати): **Ред.бр.25**	1	3			**3**
	Уредник на зборник на трудови: **Ред.бр.26**	1	2			**2**
	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал: **Ред.бр.27, 28**	9	1			**9**
	Студиски престој во странство: **Ред.бр.24**			1	8	**8**
	ВКУПНО					**116,5**
Р.бр.	**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	Вкупно
	Стручна монографија: Ред.бр.29	1	8			**8**
	Учесник во научен проект (максимум во три проекти): Ред. бр. 30			1	8	**8**
	ВКУПНО					**16**
	ВКУПНО ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**162,5**